Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë Së Veriut
Јавно претпријатие за јавни паркиралишта
Ndërmarrja publike për parkingje publike
ГРАДСКИ ПАРКИНГ - PARKINGU I QYTETIT
Бр.Nr. 02-391/7
06.08.2025 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

Врз основа на член 5 став 3,4 и 5 од Законот за јавните претпријатија (Сл.Весник на РМ бр.38/96,9/97,6/02,40/03,49/06,22/07,83/09,97/10,6/12,119/13,41/14,138/14,25/15,61/15,39/16,64/18,35/19,275/19,89/22 и 274/22) и член 27 од Статутот на ЈП Градски Паркинг – Скопје, Управниот Одбор во рамки на своите права и овластувања на ден 06.08.2025 година ја донесе следнава:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Шестмесечен Извештајот за работата на ЈП Градски паркинг-Скопје за период 01.01.2025 год. до 30.06.2025 год.**

***Член 1***

Предмет на оваа Одлука е усвојување на Шестмесечен Извештај за работата на ЈП Градски паркинг- Скопје за период 01.01.2025 год. до 30.06.2025 год.

Член 2

Се задолжува в.д. Директорот на претпријатието горенаведениот Извештај да го достави до основачот односно до градоначалникот на градот Скопје.

***Член 3***

Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето.

ЈП Градски паркинг- Скопје
Скопје. 06.08.2025 година

УПРАВЕН ОДБОР НА
ЈП ГРАДСКИ ПАРКИНГ-СКОПЈЕ
Претседател,
Игор Кралевски

J.П. ГРАДСКИ ПАРКИНГ СКОПЈЕ
N.P. Parkingu i Qyetit - Shkup

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë Së Veriut
Јавно претпријатие за јавни паркиралишта
Ndërmarrja publike për parkingje publike
ГРАДСКИ ПАРКИНГ - PARKINGU I QYTETIT
Бр.Nr. 02-391/7
06 08 2025 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

# ИЗВЕШТАЈ

## За работата на ЈП Градски Паркинг-Скопје за период 01.01.2025-30.06.2025 година

# ВОВЕД

За периодот 01.01.2025-30.06.2025 година ,ЈП Градски Паркинг- Скопје оствари позитивен финансиски резултат – добивка на износ 27.290.156,00 денари.

Приходите изнесуваат 159.081.127,00 денари.
Расходите се на износ 131.790.971,00 денари.

Составен дел на овој Извештај е Биланс на успех и Биланс на состојба.

# БИЛАНС НА УСПЕХ

## ЗА ПЕРИОД ОД 01 ЈАНУАРИ ДО 30 ЈУНИ 2025 ГОДИНА

| **ПРИХОДИ – кл. 7** | **2025 година** | **2024 година** |
|---|---|---|
| | | |
| **ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА** | 145,132,745.00 | 136,486,504.00 |
| | | |
| **ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ПАЈАК** | 12,876,932.00 | 13,187,548.00 |
| | | |
| **ОСТАНАТИ ПРИХОДИ** | 1,057,776.00 | 1,048,004.00 |
| | | |
| **ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ** | 13,674.00 | 3,542.00 |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **159,081,127.00** | **150,725,598.00** |

| **РАСХОДИ – кл.4** | **2025 година** | **2024 година** |
|---|---|---|
| | | |
| **ТРОШОЦИ НА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ** | 6,001,457.00 | 7,419,752.00 |
| | | |
| **ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ** | 24,339,442.00 | 24,859,307.00 |
| **ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА И** | | |
| **ДРУГИ ТРОШОЦИ НА ВРАБОТЕНИ** | 89,217,408.00 | 90,495,317.00 |
| | | |
| **ТРОШОЦИ ЗА АМОРТИЗАЦИЈА** | 5,446,620.00 | 5,365,078.00 |
| | | |
| **ОСТАНАТИ ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ** | 6,634,955.00 | 4,698,020.00 |
| | | |
| **ОСТАНАТИ РАСХОДИ** | 122,033.00 | 163,430.00 |
| | | |
| **ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ** | 29,056.00 | 15,537.00 |
| **ВКУПНО РАСХОДИ:** | **131,790,971.00** | **133,016,441.00** |

## *ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ*

| ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ | 2025 ГОДИНА | 2024 ГОДИНА |
|---|---|---|
| **Вкупно приходи** | 159,081,127.00 | 150,725,598.00 |
| **Вкупно расходи** | 131,790,971.00 | 133,016,441.00 |
| **Добивка** | **27,290,156.00** | **17,709,157.00** |

# *ПРИХОДИ*

Приходите за период 01.01.2025 - 30.06.2025 година изнесуваат 159.081.127,00 денари односно, како што следи:

- Сектор Јавни паркиралишта 145.132.745,00ден.
- Сектор Пајак 12.876.932,00 ден.
- Останати приходи 1.057.776,00 ден.
- Финансиски приходи 13.674,00 ден.

## *ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА*

Во рамки на Сектор Јавни паркиралишта реализирани се следните приходи:

| ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА | 2025 година | 2024 година | разлика | индекс |
|---|---|---|---|---|
| **1. затворени паркинзи** | 48,018,555.00 | 46,975,273.00 | 1,043,282.00 | 1.02 |
| **2.зонско паркирање** | 79,353,720.00 | 71,648,846.00 | 7,704,874.00 | 1.11 |
| **3.катна гаража-Беко** | 11,100,044.00 | 10,928,757.00 | 171,287.00 | 1.02 |
| **4.катна гаража-26-ти Јули** | 6,660,426.00 | 6,933,628.00 | -273,202.00 | 0.96 |
| **Вкупно приходи:** | **145,132,745.00** | **136,486,504.00** | **8,646,241.00** | **1.06** |

Во споредба со минатата година, вкупните приходи кај Сектор Јавни паркиралишта се зголемени севкупно за 8.646.241,00 денари .

Кај затворените паркинзи приходите се зголемени за 1.043.282,00 денари.

Кај зонското паркирање бележиме зголемување на приходите за 7.704.874,00 денари.

Во споредба со минатата година, приходите од стопанисување со катната гаража „Беко" се зголемени за 171.287,00 денари, додека кај катната гаража „26-ти Јули" приходите се намалиле за 273.202,00 денари.

## *ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ПАЈАК*

| ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ПАЈАК | 2025 година | 2024 година | разлика | индекс |
|---|---|---|---|---|
| 1. дневен промет | 12,864,830.00 | 13,179,662.00 | -314,832.00 | 0.98 |
| 2.фактурирана услуга | 12,102.00 | 7,886.00 | 4,216.00 | 1.53 |
| **Вкупно приходи :** | **12,876,932.00** | **13,187,548.00** | **-310,616.00** | **0.98** |

Вкупно остварен нето приход во Сектор Пајак изнесува 12.876.932,00 денари и е помал во споредба со минатата година за 310.616,00 денари. Наплатени се вкупно 7.395 возила. Во првите шест месеци од минатата година, реализиран е приход на износ 13.187.548,00 денари односно, наплатени се 7.513 возила.

Работењето на сектор пајак е условено од соработката со Министерството за внатрешни работи но влијаат и други околоности како : недоволната екипираност со вработени во однос на бројот на специјални возила со кои располага претпријатиети, понатаму работењето е условено и од исправноста на возилата, временските услови итн.

## *ОСТАНАТИ ПРИХОДИ*

| ОСТАНАТИ ПРИХОДИ | 2025 година | 2024 година | разлика | индекс |
|---|---|---|---|---|
| од отпишани побарувања и обврски | 40,440.00 | 36,550.00 | 3,890.00 | 1.11 |
| од субвенции дадени во опрема | 741,804.00 | 750,804.00 | -9,000.00 | 0.99 |
| од наплатени судски трошоци | 104,798.00 | 58,701.00 | 46,097.00 | 1.79 |
| од наплата на штети | 58,315.00 | 93,079.00 | -34,764.00 | 0.63 |
| од др.надомест, вонред.приходи, мин.години | 112,419.00 | 108,870.00 | 3,549.00 | 1.03 |
| **Вкупно приходи :** | **1,057,776.00** | **1,048,004.00** | **9,772.00** | **1.01** |

Во групата останати приходи која изнесува 1.057.776,00 денари спаѓаат приходи од наплата на отпишани побарувања и обврски, приходи од тужени побарувања, приходи од субвенции, од наплата на штети,од наплата на судски трошоци итн.

Приходи од отпишани побарувања и обврски 40.440,00 денари; приходи од субвенции за набавка на опрема 741.804,00 денари евидентирани во согласност со МСС стандарди; приходи од судски трошоци 1014.798,00 денари, приходи од наплата на штети 58.315,00 денари, приходи од други надоместоци по спогодба за блокатори 21.790,00 денари како и вонредни приходи на износ 90.629,00 денари.

## *ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ*

Во оваа група спаѓаат приходи по основ камата, позитивни курсни ралики и слично. Заклучно месец јуни бележиме приходи на износ 13.674,00 денари.

# *РАСХОДИ*

Расходите заклучно 30.06.2025 година се на износ 131.790.971,00 денари.

## *ТРОШОЦИ ЗА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ*

| опис | 2025 година | 2024 година | разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| **Потрошни помош.материјали и с-ва за чистење** | 221,145.00 | 141,737.00 | 79,408.00 | 1.56 |
| **Канц.матер.,фискал.бар код ролни, чип и греб картички** | 865,325.00 | 1,364,544.00 | -499,219.00 | 0.63 |
| **ел.енергија,парно** | 2,967,270.00 | 2,194,249.00 | 773,021.00 | 1.35 |
| **гориво и масло за подмачкување** | 1,709,490.00 | 1,869,968.00 | -160,478.00 | 0.91 |
| **Отпис на сит.инвент.авто гуми во употреба и ХТЗ опрема** | 238,227.00 | 1,849,254.00 | -1,611,027.00 | 0.13 |
| **вкупно:** | **6,001,457.00** | **7,419,752.00** | **-1,418,295.00** | **0.81** |

Материјалните трошоци во првите шест месеци од годината изнесуваат 6.001.457,00 денари.

Во оваа група трошоци се евидентираат трошоците за потрошни материјали и средства за чистење 221.145,00 ден.; канцелариски материјали , фискални и бар код ролни, чип и греб картички 865.325,00 ден.; трошоци за електрична енергија ,парно 2.967.270,00 ден.; гориво 1.709.490,00 ден. , како и трошпоците за ситен инвентар 141.091,00 ден., ХТЗ опрема 55.604,00 ден. и авто гуми 41.532,00 или севкупно 238.227,00 ден.

Од прегледот се забележува пад на дел од материјалните трошоци : кај канцелариските материјали односно фискалните, бар код ролни и грепки, трошоците за гориво и на трошокот за ХТЗ опрема додека пак пораст на трошокот бележиме кај потрошните и материјалите за чистење како и трошокот за електрична енергија.

## *ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ*

| опис | 2025 година | 2024 година | разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| **Поштенски,телефонаки услуги и интернет** | 1,163,425.00 | 1,058,461.00 | 104,964.00 | 1.10 |
| **Услуги за изработка на инфо табли** | 694,000.00 | 636,006.00 | 57,994.00 | 1.09 |
| **Услуги за тековно одржување** | 4,711,659.00 | 6,597,273.00 | -1,885,614.00 | 0.71 |
| **Тршоци за наем** | 2,124,075.00 | 1,684,622.00 | 439,453.00 | 1.26 |
| **Комунални услуги** | 3,373,240.00 | 3,462,387.00 | -89,147.00 | 0.97 |
| **Останати услуги** | 369,472.00 | 693,635.00 | -324,163.00 | 0.53 |
| **Останати непроизводствени услуги** | 11,576,794.00 | 10,519,703.00 | 1,057,091.00 | 1.10 |
| **Останати услуги - времени вработувања** | 326,777.00 | 207,220.00 | 119,557.00 | 1.58 |
| **вкупно:** | **24,339,442.00** | **24,859,307.00** | **-519,865.00** | **0.98** |

Во оваа група на трошоци спаѓаат: трошок за ПТТ услуги, телефон, електронски комуникации, трошоци за тековно одржување на материјални и нематеријални основни средства и ситен инвентар, градежни работи и бележење, трошоци за изработка на информативни табли, наем, комунални услуги, транспорт на пари, администрирање на системот за зонско паркирање како и трошок за времени вработувања.

Евидентирани се трошоци на износ 24.339.442,00 денари односно, бележиме пад на трошоците за 519.865,00 денари во споредба со 2024 година . Кај одделни трошоци бележиме намалување , кај други зголемување , видливо од приложениот преглед.
Минатата година вложувано е во изработка на инфо табли за потребите на зонско паркирање во Општина Карпош –сабзона Д42 додека пак оваа година евидентирани се трошоци за изработка на инфо табли како резултат на активностите за проширување на зонското паркирање на територија на Општина Аеродорм односно за сабзона Д12 во населба Ново Лисиче.

Трошоците за одржување на системот за зонско паркирање се поголеми во споредба со минатата година бидејќи остварен е поголем промет кај зонското паркирање .
Трошокот на износ 326.777,00 денари произлегува од исплатена плата за месец април , мај и јуни за три лица ангажирани преку агенција за времени вработувања.

## *ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА И ДРУГИ ТРОШОЦИ*

| опис | 2025 година | 2024 година | разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| **вкалкулирани плати** | 88,433,577.00 | 89,708,246.00 | -1,274,669.00 | 0.99 |
| **отпремнина** | 170,124.00 | 239,904.00 | -69,780.00 | 0.71 |
| **јуб.награди за 10 год.стаж** | 206,199.00 | 232,741.00 | -26,542.00 | - |
| **Помош на вработени** | 407,508.00 | 314,426.00 | 93,082.00 | - |
| **вкупно:** | **89,217,408.00** | **90,495,317.00** | **-1,277,909.00** | **0.99** |

Трошокот за плати и надоместоци од плата и др.трошоци на вработените изнесува 89.217.408,00 ден. и е помал во споредба со минатата година за 1.277.909,00 денари. Заклучно месец јуни бројот на вработени во јавното претпријатие изнесува 242 лица. Бројот на вработени во истиот период минатата година изнесувал 256 лице. Трошокот за плати варира како резултат на движења на вработените по основ вработувања, откажување на договорот за вработување ( отказ, спогодбен престанок на работен однос, мирување ,пензионирање), понатаму користење боледувања, неплатени отсуства исплата на надоместоци од плата согласно колективен договор итн. заради што трошокот за плати и надоместоци од плати соодветно се менува.

Во извештајниот период евидентирани се трошоци за отпремнини на износ 170.124,00 денари за двајца вработени кои оствариле право на старосна пензија. Надоместок за јубилејна награда за 10 години непрекинат стаж во претпријатието евидентирана е за 9 вработени на износ од 206.199,00 денари со вклучен данок на личен доход.

За помош на вработени за лекување евидентиран е трошок за две лица на износ 60.000,00 денари. По основ надомест за непрекинато боледување во траење повеќе од шест месеци евидентиран е трошок за 1 вработен на износ 45.821,00 денари. По основ помош за смрт на вработен евидентиран е трошок на износ од 86.100,00 денари додека пак за помош на пет вработени по основ смрт на член на семејство (брачен другар и родител) евидентиран е трошок на износ 215.587,00 денари.

Во месец мај беше извршено усогласување на платите со порастот на минималната бруто плата за 2025 година (Сл.весник РСМ 67/2025) , заради што извршено е линеарно зголемување на платите на вработените за 2.685,00 денари во бруто износ.

Исто така со примена на одредбите од ОКДЈС предвидено е усогласување на платите со порастот на индексот на трошоците за живот. За таа цел беше извршено зголемување на платите во бруто износ за 0,7% во зависност од основната бруто плата на секој вработен. Зголемувањето во нето износ поединечно за секој вработен се движи во распон од 204,00 до 476,00 денари во зависност од секоја поединечна нето плата.

## *АМОРТИЗАЦИЈА*

Трошокот за амортизација изнесува 5.446.620,00 денари и е речиси идентичен во споредба со минатата година кога изнесувал 5.365.078,00 денари.

## *ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ НА РАБОТЕЊЕ*

| опис | 2025 година | 2024 година | разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| **др.надоместоци на вработени,обуки исл.** | 16,667.00 | 85,600.00 | -68,933.00 | 0.19 |
| **хонорари на управен и надзорен одбор** | 826,674.00 | 924,453.00 | -97,779.00 | 0.89 |
| **репрезентација** | 112,732.00 | 114,204.00 | -1,472.00 | 0.99 |
| **трошоци за осигурување** | 415,249.00 | 381,515.00 | 33,734.00 | 1.09 |
| **банкарски провизии** | 473,059.00 | 409,290.00 | 63,769.00 | 1.16 |
| **трош за ДДВ, чланарини,адм.такси** | 2,136,745.00 | 1,803,276.00 | 333,469.00 | 1.18 |
| **користење права** | 0.00 | 202,125.00 | -202,125.00 | 0.00 |
| **Останати трошоци на работењето** | 2,653,829.00 | 777,557.00 | 1,876,272.00 | 3.41 |
| **вкупно:** | **6,634,955.00** | **4,698,020.00** | **1,936,935.00** | **1.41** |

Во групата „останати трошоци на работење“ евидентирани се трошоци на износ 6.634.955,00 денари.

Во оваа група трошоци се забележува следната состојба :надоместоци за вработените 16.667,00 денари, надоместоци на органите на управување 826.674,00 денари, репрезентација 112.732,00 денари, осигурување 415.249,00 денари, банкарски провизии 473.059,00 денари, трошок за ДДВ 2.030.295,00 денари, членарини 5.110,00 денари и административни такси 101.340,00 денари; трошоци за користење на права односно, набавка на лиценци за работа на компјутери не се евидентирани во извештајниот период, минатата година изнесувале 202.125,00 денари како и останати трошоци на работење-група во која евидентирани се трошоци во вкупен износ од 2.653.829,00 денари а во која спаѓаат трошоците за правно-адвокатски-нотарски услуги 322.115,00 ден.; ревизорски услуги 200.000,00 ден.; трошоци за превод и договор на дело 343.368,00 денари;

здравствен преглед на вработен 800,00 ден.; претплата на весници и стручни списанија 38.314,00 ден.;трошоци за огласување 111.083,00 ден. како судски трошоци а износ 1.638.149,00 денари.

Од прегледот може да се забележи дека во рамките на оваа група трошоци бележиме намалување или незначителен пораст на трошоците. Зголемувањето на трошоците се должи на изгубен судски спор со фирмата "Енерџи деливери солушнс" заради што претпријатието беше задолжено да исплати 1.633.349,00 денари од кои на име главен долг снабдување со електрична енергија за месеците 01-02.2023 година износ од 1.134.760,00 денари а остатокот 498.589,00 денари се однесуваат на камата на главен долг и трошоци во првостепена и второстепена постапка за спорот. Евидентирани се и други судски трошоци на износ од 4.800,00 денари за други спорови.

## *ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА НЕТЕКОВНИ И ТЕКОВНИ СРЕДСТВА*

Во првото полугодие од годината евидентираме трошоци за тужени побарувања на износ 14.850,00 денари. Истите произлегуваат од 2022 година и се однесуваат по основ на издадени доплатни карти заради неплатена услуга за зонско паркирање.

## *ОСТАНАТИ РАСХОДИ*

Во оваа група, евидентирани се трошоци во вкупен износ од 107.159,00 денари и истите се однесуваат на трошоци за одобренија по рекламации на износ од 57.830,00 денари, надомест на штета на износ 9.240,00 денари, дополнително утврдени трошоци од минати години на износ 38.589,00 денари како и вонредни расходи на износ 1.500 денари.

## *ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ*

Во рамки на финансиски расходи бележиме трошок на износ 29.056,00 денари кој отпаѓа на казнена камата за задоцнето плаќање на обврски по основ електрична енергија, телефон и поштенски услуги како и ДДВ обврска,корекции на плата итн.

# БИЛАНС НА СОСТОЈБА

## ЗА ПЕРИОД ОД 01 ЈАНУАРИ ДО 30 ЈУНИ 2025ГОДИНА

| **АКТИВА** | **2025 година** | **2024 година** |
|---|---|---|
| | | |
| **1.ОСНОВНИ СРЕДСТВА** | 31,844,389.00 | 41,354,111.00 |
| **кл.00** | | |
| | | |
| **2.ЗАЛИХИ** | | |
| **кл.3** | 2,908,580.00 | 3,125,715.00 |
| | | |
| **3. ОБРТНИ СРЕДСТВА** | 138,875,627.00 | 97,004,304.00 |
| **кл.1** | | |
| | | |
| **4.АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА** | 439,373.00 | 452,719.00 |
| **кл.1 гр.19** | | |
| **ВКУПНО АКТИВА:** | **174,067,969.00** | **141,936,849.00** |

| **ПАСИВА** | **2025 година** | **2024 година** |
|---|---|---|
| **1. ЗАПИШАН КАПИТАЛ** | | |
| **Државен јавен капитал** | 153,052.00 | 153,052.00 |
| **Останат капитал** | | 0 |
| | | |
| **2.Законски резерви** | 15,305.00 | 15,305.00 |
| | | |
| **3.АКУМУЛИРАНА ДОБИВКА од претходни години** | 67,361,422.00 | 37,346,313.00 |
| | | |
| **4.ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ – ДОБИВКА за прво полугодие** | 27,290,156.00 | 17,709,157.00 |
| | | |
| **5. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ** | 72,810,091.00 | 79,398,173.00 |
| **кл.2** | | |
| **6.Одложени плаќање на приходи и расходи** | 6,437,943.00 | 7,314,849.00 |
| **ВКУПНО ПАСИВА:** | **174,067,969.00** | **141,936,849.00** |

## *ОСНОВНИ СРЕДСТВА СО СОСТОЈБА 30.06.2025 ГОДИНА*

ЈП Градски Паркинг – Скопје заклучно 30.06.2025 година располага со основни средства чија сегашна вредност изнесува 31.844.389,00 денари вклучувајќи ги и основните средства евидентирани во подготовка кои сеуште не се ставени во функција.

## *ЗАЛИХИ*

Вредноста на залихите изнесува 2.908.580,00 денари.
Од нив, 1.695.416,00 денари претставуваат залихи на суровини и материјали односно се однесува на следните ставки: „ад блу" течност за потребите на сектор пајак, лед цевки и лед светилки за осветлување, кружни четки за потребите на машините за чистење, канцелариски материјал и обрасци, чип и греб картички, рибони, репрезентативни средства за потребите на кујната, средства за чистење.

Залиха на ситен инвентар 435.125,00 денари се состои претежно од залиха на блокатори за потребите на зонско паркирање, канцелариски мебел, батерии за мотороли, полначи за ПДА уреди, паркинг клешти, алат,радијатори,панелна греалка,сет за прва помош итн.

Залихата на ХТЗ опрема е во вредност од 778.039,00 денари и истата се состои од заштитни ракавици, летни пантолони, поло маици, одела за дожд, флуоросцентни елечиња, чевли,кабаница итн.

## *ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПОБАРУВАЊА*

Парични средства на трансакциските сметки со кои располага претпријатието збирно на 30.06.2025 година како и девизната сметка, благајна и виза картичка изнесува 119.030.673,00 денари.

Побарувањата од купувачите изнесуваат 17.746.505,00 денари. Нивна наплата се врши тековно во наредните пресметковни периоди.
Тужени побарувања има на износ 3.022.158,00 денари. Истите, во најголем износ проилегуваат од издадени доплатни карти заради неплатено зонско паркирање. Постапката за дел од предметите се води во судовите а дел од тужените побарувања во текот на 2012-та и 2013-та година започнуваат да се процесирани директно на нотар. Постапката за нивна наплата е во тек.

Побарувања по основ платени аконтации за данок на добивка 1.576.956,00 денари. Побарувањата од вработените се на износ 318.179,00 денари и во најголем дел се однесуваат на задолженија по основ ситни пари на паркинзи и паркомати , надминати телефонски лимити на службени телефони, исплатени надоместоци од плата и придонеси од плата, финансиски кусок од дневен промет .

Побарување од осигурителна компанија на износ 21.00,00 денари . Побарувања од кредитни- дебитни картички на износ 182.314,00 денари се всушност тековните побарувања од деловната банка по основ на дневен промет процесиран по пат на пос терминал а чија наплата се врши редовно секој нареден работен ден.

## *АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА*

На сметките од група 19 евидентирани се трошоци на износ 439.373,00 денари кои ќе се реализираат во наредните периоди. Станува збор за трошоци од платени такси на нотари и извршители 439.373,00 денари.

## *ОБВРСКИ*

Претпријатието нема долгорочни обврски.

По основ краткорочни обврски, претпријатието севкупно должи 72.810.091,00 денари. Од овој износ, 7.903.496,00 отпаѓа на обврски кон добавувачи, ,обврска за ДДВ за м.06 на износ од 4.193.691,00 денари, 294.746,00 обврска за Данок од добивка за месец јуни, обврска за плати, надоместоци од плати и др.надоместоци за месец јуни (за вработени , членови на управен и надзорен одбор,надоместок по основ договор на дело, закуп итн.) севкупно износ износ 235.166,00 денари.

Во групата на краткорочни обврски најголем дел отпаѓа на обврската за комунална такса кон Град Скопје која изнесува 60.182.992,00 денари.

Во средина на месец април извршено е плаќање на дел од обврската за комунална такса од 2024 година на износ од 6.416.916,00 денари.

Во текот на месец јули ќе биде платена дополнително дел од обврската за комунална такса за 2024 година на износ 6.611.230,00 денари.

## *ОДЛОЖЕНИ ПРЕСМЕТАНИ ПРИХОДИ И РАСХОДИ*

Износот на оваа категорија е 6.437.943,00 денари.

По основ извршени плаќања за услуга паркирање, а кои се однесуваат за наредниот пресметковен период, бележиме износ од 3.382.462,00денари. Други одложени приходи по основ претплати имаме на износ 330.581,00 денари.

По основ субвенции и донации од основачот Град Скопје доделени во опрема и пари, наменски, за набавка на опрема, белжиме одложени приходи на износ 2.224.052,00 денари.

Износот од 500.848,00 денари се однесува на пресметани а неплатени услуги во нареден пресметковен период .Се работи за обврски за закуп за месец април , мај и јуни по основ договор за стопанисување со паркингот 8-ми Септември .

# ЗАКЛУЧОК

Во периодот 01.01.2025-30.06.2025 година претпријатието оствари позитивен финансиски резултат - Добивка на износ од 27.290.156,00 денари.

Работењето на претпријатието во изминатот период е успешно бидејќи забележуваме зголемување на оперативните приходи од дејноста паркирање. Стабилно ниво на приходи се остварува и од работата на сектор пајак со подигање на непрописно паркирани возила во соработка со МВР и комуналните инспектори на Град Скопје.

Во претпријатието навремено се подмируваат тековните обврски како што се : обврски кон добавувачите, даночните обврски, оврските кон вработените за плати и придонеси итн. Се внимава на висината на трошоците што се нужни во тековното работење со цел заштеда секаде каде процесот на работа дозволува.

Со оглед на тоа што се превземени активности во насока на проширување на зонското паркирање на територија на општина Аеродорм – населба Лисиче (сабзона Д12), постои можност од зголемување на трошоците во врска негово имплементирање во наредниот пресметковен период. Дел од овие трошоци веќе се евидентирани и се однесуваат на изработка на инфо табли и сообраќајни знаци.

Обврска која сериозно финансиски го оптеретува претпријатието е комуналната такса за која очекуваме дека во соработка со Градоначалникот и основачот – Градот Скопје ќе се изнајде законско решение за нејзино намалување .

Во зависност од условите на стопанисување очекуваме претпријатието стабилно да стопанисува и во периодот што следи.

Датум:18.07.2025

Изработил:
Катерина Палитова

ЈП Градски Паркинг- Скопје
В.Д Директор,
Мартин Гаврилски